Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

# Извадок на дел од дневни настани 05.03.2019

На 04.03.2019 во 13.45 часот било пријавено дека на магистралниот пат Велес-Штип, на клучката кај село Кадрифаково, се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно возило „Фиат Дукато‟ со кочански регистарски ознаки, управувано од С.М.(64) од Кочани и патничко возило „Пежо 206‟ со скопски регистарски ознаки, управувано од В.И.(66) од Скопје. Во незгодата возачот на возилото „Пежо‟ се здобил со тешки телесни повреди, а сопатничката од истото возило М.И.Х.Д.(66) се здобила со телесни повреди. Повредените со возило на Итна медицинска помош биле пренесени во Клиничкиот центар во Штип, каде им била укажана лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициската станица Свети Николе.

На 04.03.2019 година во 18.30 часот на патот Кавадарци- село Брушани, Д.С.(17) од Кавадарци управувајќи мопед марка „Гланз 50" со кавадаречки регистарски ознаки излетал од патот. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот, додека со телесни повреди се здобил сопатникот на мопедот В.П.(17) од Кавадарци. На лицата им е укажана лекарска помош во Општа болница Кавадарци. Извршен е увид на местото на настанот.

На 04.03.2019 во 19.15 часот на Граничниот премин „Богородица", при проверка на Е.Х.(30) од село Ларце, било констатирано дека тој се наоѓа на листата со мерка „А" (апси) по наредба од Основен Суд-Тетово, а за спроведување до Ксзнено-поправната установа Тетово за издржување казна затвор. Лицето било приведено и предадено на полициски службеници од Полициската станица Гевгелија за понатамошна постапка.

На 04.03.2019 во 15.00 часот на Граничниот премин „Долно Блаце" бил приведен А.Г.(28) од Косово, кој бил баран од Интерпол. Лицето било предадено на полициски службеници од СМПС за понатамошна постапка.

На 04.03.2019 околу 10.30 часот во СВР Скопје, од болницата „Систина", било пријавено дека кај нив бил донесен повреден П.Р.(60) од с. Волково, скопско. Според пријавата, тој се здобил со повреда додека работел во кругот на Скопски саем. По укажаната лекарска помош тој бил префрлен во Градската општа болница „Свети Наум Охридски". Увид бил извршен, а за настанот бил известен трудов инспектор.

Во текот на изминатиот ден (04.03.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје се случиле вкупно 12 сообраќајни незгоди од кои осум сообраќајни незгоди со телесни повреди и четири сообраќајни незгоди со материјална штета. Во сообраќајните незгоди девет лица се здобиле со телесни повреди. Од преземените мерки и активности констатирано е дека 33 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 25 возачи од кои: тројца возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол, 19 возачи управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и три возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така исклучени од сообраќај се и осум возила бидејќи седум биле нерегистрирани, а едно возило било технички неисправно. Санкционирани се осум возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, еден возач поради недавање првенство на минување на пешаци, двајца поради неправилно престројување, двајца возачи поради неправилно престигнување, 25 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 27 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се двајца пешаци поради поминување коловоз вон пешачки премин. Во текот на изминатите денови издадени се 102 мандатни платни налози и 77 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал поднесе кривична пријава против В.Б.(40) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" и против З.Ф.(33) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 28.02.2019 полициски службеници извршиле претрес во домот каде престојувале пријавените во Скопје, при што пронашле и одзеле пет килограми и 890 грама марихуана и 10 куршуми калибар 7,65 мм.

Секторот за внатрешни работи Охрид, до надлежното Јавно обвинителство, поднесе кривична пријава против С.А.(29) од село Лескоец, охридско, поради постоење основи на сомнение за сторени седум кривични дела „тешка кражба". Пријавениот е фатен во тек на извршување на кражба во стан на улица „АСНОМ" во Охрид. Пријавениот, кривичните дела ги извршил во периодот од 11 јануари до 28 февруари оваа година во пет куќи и два стана во Охрид. Тој со употреба на сила влегувал и одземал телевизори, златен и сребрен накит и други вредни предмети. На тој начин, С.А. се стекнал со противправна имотна корист од 275.000 денари.

Секторот за внатрешни работи Скопје - Единица за недозволена трговија, ќе поднесе кривична пријава против С.М.(29) -осуденик во Казнено-поправната установа Идризово, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 03.03.2019 полициски службеници од Казнено-поправната установа -Идризово извршиле преглед на С.М., при што кај него пронашле и одзеле хероин.

На 04.03.2019 во 20.10 часот на автопатот Гевгелија-Скопје, на излез од Гевгелија, полициски службеници забележале патничко возило „Мерцедес" со скопски регистарски ознаки и при контрола во возилото биле пронајдени седум лица - мигранти од Авганистан. Во непосредна близина до возилото биле откриени уште 14 лица-мигранти, сите од Авганистан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на возачот и за целосно расчистување на случајот.

На 04.03.2019 година полициски службеници во Секторот за внатрешни работи Битола извршиле контрола за брзина, зимска опрема, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, товарни возила, појас, светло при што контролирани се 397 возила. При контролата, констатирано е дека 19 возачи го управувале возилото со поголема брзина од дозволената, осум возачи управувале без возачка дозвола, кај еден возач има утврдено присутво на алкохол и истиот е отстранет од сообраќај. Нерегистрирани биле три возила, на мобилен телефон разговарале исто така тројца возачи и еден возач не користел сигурносен појас. Исто така при контролата откриени се и други 21 прекршоци.

Полициската станица Валандово поднесе кривична пријава против Т.К.(40) од Гевгелија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". На 12.10.2018 во село Пирава, гевгелиско, во помошна просторија од семејната куќа на А.Б., пријавениот одзел две ловечки пушки „Brno" со калибар 16 GA мм и „Zastava Europa" со калибар 12 мм.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава  против А.А.(35) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори. На 23.08.2018 во Кичево полициски службеници извршиле претрес во дом и помошни простории на пријавениот и биле пронајдени и одземени кокаин, марихуана, семки од канабис и дигитална вага со остатоци од кокаин.

На 04.03.2019 во 15.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека истиот ден околу 12.00 часот во село Арачиново И.У.(24) бил физички нападнат од лицето Ф.Р.(27) од с.Арачиново, а му нанел и повреда со остар предмет во пределот на натколеницата. Се преземаат ,ерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава  против Д.О.(63) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 02.10.2018 во Струга полициски службеници извршиле претрес во домот и другите простории на пријавениот, при што пронашле и одзеле предмети со остатоци од кокаин.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.Ф.(18) од село Кондово, скопско,, О.Р.(30) од село Матка, скопско и против О.Р.(18) од село Копаница, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојничка кражба'' и против З.И.(18) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично деко „прикривање''. На 15.02.2019 околу 20.50 часот во бутик во трговски центар во Тетово прво, второ и трето пријавените одзеле текстилна стока и се дале во бегство. На излезот од трговскиот центар, вработен во агенција за обезбедување се обидел да ги спречи, но тие физички го нападнале и побегнале. На 01.03.2019, при претрес во домот на четвртопријавениот, била пронајдена текстилната стока која потекнува од кривичното дело, по што била вратена во бутикот.

На 04.03.2019 година во 19.40 часот во СВР Скопје, С.С.(41) од село Арачиново пријавил дека истиот ден во периодот 17.10 до 19.00 часот во с.Арачиново непознат сторител го одзел неговото патничко возило „Мерцедес 220" кое било оставено отклучено и со клуч на бравата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Р.Ш.(25) од Гостивар поради постоење основи на

сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 07.08.2018 во Гостивар полициски службеници извршиле личен преглед над пријавениот, при што биле пронајдена и одземена марихуана.

На 04.03.2019 год. околу 15.00 час.на ул.2-ра Македонска Бригада наспроти црквата во нас. Скопје Север при преземање мерка за сторен сообраќаен прекршок, паркирање на возила на коловоз и тротоар, група лица револтирани од постапувањето на полицијата поставиле контејнери на самиот коловоз, при што го блокирале сообраќајот, но по кратко време тој е нормализиран. Повикано е полициско засилување од редовната полиција, а во меѓувреме насобраните граѓани се разотишле.

На 04.03.2019 околу 21.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред влез на фабрика во Скопје неколку лица од Скопје физички го нападнале М.Ј.(60) од Косово во врска со недоразбирање околу редот за утовар на стока. Против сторителите ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.М.(18) од село Долна Бањица, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 13.11 2018 во Гостивар полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „Фолксваген Голф", управувано од пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

На 04.03.2019 во 07.30 часот во Полициската станица Карпош пријавено е дека во периодот од 22.00 часот на 02.03.2019 до 04.00 часот на 04.03.2019 непознат сторител извршил тешка кражба во продажен салон на мобилен оператор на булевар „Партизански Одреди" и одзел 19 мобилни телефони. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

(/profilepage/pomoshnik-minister-co)

kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)